Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 166/24

ИЗВОД

31 мај 2024 година ---------------------------------------------------------------------------------------------------
Триесет и прв ден, месец мај, две илјади и дваесет и четвртта година -------------------------
Во Скопје, во 11 (единаесет ) часот, 0 (нула) минути.---------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 31 мај 2023 година (Триесет и прв ден, месец мај, две илјади и дваесет и четвртта година), на покана од СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во седиштето на Банката на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, со почеток во 11 (единаесет) часот и 20 (дваесет) минути, при што, согласно одредбите од Законот за нотаријатот, и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот ------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ**
**на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје**

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: -------------------------------------------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од која утврдив дека СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, е запишна во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4065549; ----------------------------------------
2. Акционерска книга на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со состојба на ден 29.05.2024 година, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 17.460.180 и вкупен број на гласови 17.460.180, како и акционерите на Друштвото, со вкупен број на приоритетни акции 227.444, без право на глас. ----
3. Список на присутни акционери сопственици на обични акции или нивни претставници, и акционери сопственици на приоритетни акции или нивни претставници, со број на акции односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на собранието се присутни акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 16.586.184 гласа, што претставува 94,9% од вкупниот број на обични акции со право на глас, како и акционери на Банката кои се сопственици на приоритетни акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 20.769 приоритетни акции односно 9,1% од вкупниот број приоритетни

акции. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска која претседавала со претходната седница на Собранието, и откако ги поздрави присутните акционери и ја отвори седницата, ги информира присутните акционери и нивните полномошници и застапници дека дека преводот на денешната седница ќе биде извршен од страна на овластени преведувачи Марија Димовска и Мартина Кимовска од англиски на македонски јазик и обратно кои ќе вршат превод на обраќањата на оние говорници кои ќе зборуваат на странски јазик. Исто така, при регистрацијата на акционерите за денешната седница на собранието на акционери, сите акционери и полномошници на акционери имаат добиено картончиња за гласање со бројот на акции кои ги поседуваат или претставуваат и кои ќе бидат употребени при гласањето. Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска ги замоли акционерите и нивните застапници или полномошници при гласањето да ги подигаат картончињата за гласање заради транспарентно броење и објавување на гласовите. Потоа ја покани г-ѓа Соња Николовска да продолжи со формалниот дел од отворањето на седницата со избор на органите на Собранието. -----
Г-ѓа Соња Николовска предложи за претседавач на седницата на Собранието повторно да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска Тврткoвиќ, акционер на Стопанска Банка АД Скопје. ------------------------------------------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што друг предлог не беше доставен, се стави на гласање предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Тврткoвиќ, акционер имател на приоритетни акции, и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје. Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака. За предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска Тврткoвиќ, акционер на Банката, и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, акционерите односно нивните застапници и полномошници се изјаснија со 16.566.297 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 19.887 гласа-ВОЗДРЖАНИ.------------------------------------------------------------------------------------------------
г-ѓа Соња Николовска констатира дека со мнозинство на гласови се избрани г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за Претседавач на Собранието, г-ѓа Вики Русевска Тврткoвиќ, акционер на Банката, за бројач на гласови, г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, за записничар, после што ја покани г-ѓа Наташа Трпеноска – Тренчевска како Претседавач на Собранието да продолжи со водењето на седницата. --
Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, чиј што идентитет го утврдив преку увид во нејзината лична карта, откако се заблагодари на довербата, констатира дека на денешната седница на Собранието се поканети сите акционери на Банката преку Јавниот повик објавен во дневниот весник – Вечер, 30 дена пред одржување на седницата, односно на 30.04.2024 година. ------------------------------------------------------------
Претседавачот наведе дека на почетокот на седницата потребно е да се утврди дали има кворум за работа и дали Собранието може да донесува полноважни одлуки. Ги информираше акционерите дека за донесување на валидни одлуки секој акционер треба да ја подигне раката односно картончето со цел да гласа, а доколку раката не е подигната или ЗА или ПРОТИВ, ќе се земе дека акционерот бил ВОЗДРЖАН. Наведе дека вкупниот број на обични акции според Акционерската книга изнесува 17.460.180, а вкупниот број на приоритетни акции изнесува 227.444, односно вкупно 17.687.624

акции. Врз основа на Списокот на присутни и претставени акционери на седницата, Претседавачот констатира дека денешната седница се присутни и претставени акционери на Стопанска банка АД Скопје со вкупно 16.586.184 обични акции, односно 94.9% од вкупниот број на акции со право на глас, и 20.769 приоритетни акции односно 9,1% од вкупниот број приоритетни акции, така што Собранието може да продолжи со работа и да донесува полноважни одлуки. ---------------------------------------------------------

Претседавачот ги информираше акционерите дека на денешното Собрание на акционери, присутни се сите членови на Управниот одбор на Банката, независни членови на Надзорниот одбор: Проф. Д-р Владимир Филиповски и Проф. Д-р. Сашо Ќосев, претставници на Надзорниот одбор на Банката, како и претставник од ревизорската куќа која извршила ревизија на работењето на Банката во 2023 година. ---

Претседавачот ги информираше акционерите дека со Одлуката за свикување на оваа седница на Собранието, Надзорниот одбор предложи и Дневен ред кој е содржан во материјалите за седницата и во Јавниот повик, после што отвори дискусија по оваа точка. -----------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот го стави на гласање предложениот ----------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Избор на Претседавач, нотар и бројач на гласови; ---------------------------------------------
2. Разгледување на Записникот од 52-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје одржана на 29 март 2024 година;-------------------------------
3. Разгледување на предлози поднесени од акционерите: ---------------------------------------
   -Предлог за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, поврзано со правата на приоритетните акции поднесен од имател на приоритетни акции; ------------------------------------------------------------------------------------------------------
   -Предлог за конверзија на приоритетните акции во обични акции поднесен од имател на приоритетни акции; -------------------------------------------------------------------
4. Донесување на Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанка Банка АД Скопје; ----------------------------------------------------------------------------------------------------
5. Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанка Банка АД Скопје; --------------
6. Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година; ------------------------------------------
7. Донесување на Одлука за усвојување на Консолидираната Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година; ----------------------
8. Разгледување и усвојување на Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; ------------------------
9. Разгледување и усвојување на Консолидираните финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; ------------
10. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2023 година, со писменото мислење од Надзорниот одбор; -----------
11. Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2023 година; -------------------
12. Донесување Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите; -------------------------------------------
13. Донесување Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2023 година; ------------------------------------------------
14. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2023 година; --------------------------------------------------------------------------------
15. Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2024 година; ----------------------------------------------------------------------------------------------------

16. Усвојување на Правилата за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. -----------------------------------------------------------------------------------

Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложениот Дневен ред акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.566.297 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 19.887 гласа-ВОЗДРЖАНИ.-----------------------
Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен со потребното мнозинство на гласови. -----------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што првата точка беше исцрпена, се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување на Записникот од 52-та седница на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје. Претседавачот констатира дека Записникот бил изготвен, потпишан и достапен на увид на акционерите во согласност со член 407 од Законот за трговските друштва, после што отвори расправа по истиот, појаснувајќи дека акционерите по оваа точка не носат одлука. ----------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот констатира дека Собранието го разгледа Записникот од 52-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. -----------------------------------------------------------------------------------

Се премина на третата точка -Разгледување на предлози поднесени од акционерите. –
Во однос на предлозите од акционерите под точката три, а имајќи предвид дека истите влијаат врз правата кои произлегуваат од двата рода на акции, а согласно член 403 од Законот за трговски друштва, за полноважна одлука потребно е да постои кворум за гласање одделно и од сопствениците на приоритетните акции и од сопствениците на обичните акции. Согласно член 393 од ЗТД, за валидност на гласањето потребно е присуство на верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број акции со право на глас, односно мнозинство од вкупниот број на приоритетни акции, што во случајот подразбира 113.723 акции. Имајќи предвид дека во процедуралниот воведен дел на седницата беше констатиран број на присутни и претставени сопственици на приоритетни акции од 9,1% претседавачот констатира дека на седницата на Собранието на акционери не присуствуваат доволен број на пријавени и претставени акционери за да може да се донесе полноважна одлука, односно дека не е постигнат потребниот кворум за гласање по точката три, но имајќи ја предвид важноста на предлозите, претседавачот отвори само дискусија по предлозите доколку некој од акционерите бара збор. ---------------------------------------------
За збор се јави Вл.Т., сопственик на приоритетни акции, кој наведе дека, според неговото разбирање на законот, за точката три треба да се одлучува, бидејќи имателите на приотитетни акции за усвоениот или неусвоениот предлог можат да гласаат на одвоено гласање, односно овој предлог треба да биде разгледуван и усвоен или неусвоен од обичните акции, а согласноста или несогласноста имателите на приоритетни акции можат да ја гласаат на одвоено собрание, кое нема да биде на денешната седница. Имателите на приоритетни акции имаат можност која сакаат да ја искористат, доколку предлогот биде усвоен тие да гласаат за согласност на одвоено гласање. Доколку предлогот не биде усвоен од имателите на обичните акции, имателите на приоритетни акции на одвоено собарание можат да гласаат да дадат или да не дадат согласност на таквата одлука. Акционерот побара да се прекине седницата заради консултации за овој предлог и дека работата на Собранието не може да продолжи по точката четири без да се гласа по точката три. ---------------------------------------

Претседавачот наведе дека согласно член 403 од Законот за трговски друштва, за донесување на полноважна одлука потребно е да постои кворум за гласање одделно и од сопствениците на приоритетните акции и од сопствениците на обичните акции. Согласно член 393 од ЗТД, за валидност на гласањето потребно е присуство на верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број акции со право на глас, односно мнозинство од вкупниот број на приоритетни акции, што во случајот подразбира 113.723 акции. Имајќи предвид дека на седницата се присутни и претставени сопственици на приоритетни акции 20.769 одноно 9,1% претседавачот констатира дека на седницата на Собранието на акционери не присуствуваат доволен број на пријавени и претставени акционери за да може да се донесе полноважна одлука, односно дека не е постигнат потребниот кворум за гласање по точката три. Посочи дека забелешката и предлогот на акционерот ќе бидат внесени во записникот од денешната седница, а Собранието ќе продолжи со работа. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционет Т.М. кој наведе дека се согласува со предлогот на акцинерот Вл.Т. ------------------------------------------------------------------------------------------------

Повторно за збор се јави акционерот Вл.Т. кој побара од Претседавачот да објасни што значи одвоена седница на која ќе гласаат приоритетните акции. Наведе дека имателите на приоритетни акции согласно законот можат да гласаат на посебна седница со одвоено гласање за која ќе биде обезбеден кворум. Побара правната служба да даде мислење, смета дека Претседавачот го привилегира мнозинскиот акционер и треба да ги почитува сите акционери. Побара правната служба да даде мислење за ова прашање, имателите на приоритетни акции да го искористат правото да гласаат на посебна седница.------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот наведе дека предлогот на акционерот ќе биде нотиран во записникот кој го води нотарот и наведе дека ја води седницата согласно законот, бидејќи не е претставник на мнозинскиот акционер туку акционер на Банката. ---------------------------

Со оглед на тоа што никој друг од акционерите не побара збор, собранието продолжи со работа согласно Дневниот ред. ------------------------------------------------------------------------

По точката четири од Дневниот ред- Донесување на одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, Претседавачот појасни дека предложените измени во оваа Статутарна одлука се однесуваат на измените во член 43 кои се однесуваат на големината и составот на Управниот одбор. Големината на Управниот одбор како и на другите органи на Банката е утврдена со Законот за банки. Во таа насока, во рамките на законот, се предлага постоечката големина и состав на Управниот одбор да се зголеми од 4 (четири) на 7 (седум) членови. Составот на Одборот, односно воведувањето на Генерален директор за финансии, Генерален директор за оперативни работи и Генерален директор за трансформација и стратегија има за цел да го зајакне управувањето, да ја подобри ефективноста на одборот, да ја зголеми севкупната ефикасност на одлучувањето и ефективноста во создавање одржлив раст и вредност за Банката и сите засегнати страни. Со предложената Статутарна одлука се предлага и измена на член 50 кој се однесува на лицата со посебни права и одговорности. Имено, со предложената измена директорите за специфични прашања се бришат од категоријата на лица со посебни права и одговорности, имајќи предвид дека наведената позиција нема влијание врз корпоративното управување, профилот на ризик на Банката или нејзината профитабилност. Предложената измена на член 56 се однесува на составот на Одборот за управување со ризици, чија големина, состав и овластувања се утврдени со Законот за банки. Имено, поради воведување Генерален директор за финансии во Управниот

одбор, истиот се предлага да биде член на Одборот за управување со ризици наместо досегашниот Сениор директор за ликвидност и финансии. Со предложената Статутарна одлука се воведува измена на член 63-а во однос на Одборот за наградување. Со овој предлог Одборот се преименува во Одбор за именување и наградување поради новововедените и зајакнати должности во надгледувањето на процесот на именување на членовите на Одборите и сениор менаџментот, обезбедувајќи стабилна структура на управување преку стратешки именувања. Дополнително, овој член предлага формирање на Одбор за надзор на управувањето со ризиците. Одборот има за цел да му помогне на Надзорниот одбор во обезбедувањето независен надзор на високо ниво на стратегијата за ризик на Банката и нејзиното извршување. Воедно, ќе се изврши дополнување на Одлуката за измена и дополнување на Статутот со што ќе се даде овластување на Надзорниот одбор да усвои измени на Одлуката во постапка за добивање на согласност пред Народна банка на Република Северна Македонија, како и да подготви пречистен текст на Статутот во кој ќе бидат внесени измени и дополнувања. ------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. ----------
Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.577.266 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 8.918 гласа-ВОЗДРЖАНИ.-----------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на петата точка од Дневниот ред - Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје. --------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. ----------
Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.577.260 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 8.924 гласа-ВОЗДРЖАНИ. --------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон шестата точка-Донесување на Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година. Претседавачот појасни дека Финансиските извештаи на Стопанска Банка АД Скопје за 2023 година се составени согласно Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи, пропишана од страна на Народна банка на Република Северна Македонија, после што отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска

банка АД Скопје за 2023 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.577.260 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 8.924 гласа-ВОЗДРЖАНИ.---------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи со работа по точката седум-Донесување на Одлука за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година. Претседавачот појасни дека согласно член 504 од Законот за трговските друштва, а поврзано со фактот што Банката има преовладувачко влијание во трговското друштво Стопанска Лизинг ДООЕЛ Скопје, Банката има составено и објавено консолидирана годишна сметка и финансиски извештаи, следејќи ја законската постапка и пропишаната содржина. ------ Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД -Скопје за 2023 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.573.620 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 12.564 гласа-ВОЗДРЖАНИ.---------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Консолидирана Годишната сметка и Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на осмата точка - Разгледување и усвојување на Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот појасни дека Ревидираните финансиски извештаи се подготвени согласно домашните сметководствени стандарди од страна на овластен надворешен ревизор – ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје, и истите се разгледани од Одборот за ревизија и одобрени од Надзорниот одбор на Банката. Од страна на овластениот надворешен ревизор е потврдено дека финансиските извештаи за 2023 година во сите материјални аспекти се направени согласно сметководствените стандарди важечки во Република Северна Македонија. На 20.4.2024 година членовите на Надзорниот одбор на Банката ги имаат разгледано ревидираните финансиски извештаи и соодветното ревизорско мислење, при што било заклучено дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно и точно во релевантните финансиски извештаи. Претседавачот му даде збор на претставникот на надворешниот ревизор г. Симе Јовановски да се обрати на акционерите. -------------------------------------------------------------------------------

Претставникот на надворешниот ревизор г. Симе Јовановски наведе дека ревизијата била извршена согласно стандардите и регулативата во Република Северна Македонија. Врз основа на документацијата со која располагал надворешниот ревизор, ревизорот смета дека финасиските извештаи на Банката ја прикажуваат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Стопанска банка АД Скопје за периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година. Исто така наведе дека врз основа на ревизорските докази со која располагал, ревизорот смета дека и консолидираните

ревидирани финасиските извештаи на Банката ја прикажуваат објективно во сите материјални аспекти финансиската состојба на Стопанска банка АД Скопје за периодот од 1.1.2023 година до 31.12.2023 година. ---------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.577.440 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 8.744 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Финансиските извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година, со писмено мислење од Надзорниот одбор. и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на точката девет-Разгледување и усвојување на Консолидирани Финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот го покани г. Симе Јовановски да да продолжи со краток осврт и на консолидираните ревидирани финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје, кој наведе дека во своето излагање по точката осум веќе се осврнал и на консолидираните ревидирани финасиските извештаи на Банката. ----------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Ревидираните консолидирани Финансиски извештаи на Стопанска банка АД Скопје за 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.577.440 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 8.744 гласа-ВОЗДРЖАНИ.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Ревидираните консолидирани Финансиските извештаи на Стопанска банка АД-Скопје за 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи со работа по точката десет- Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор. Претседавачот појасни дека согласно Законот за трговските друштва, членовите на Управниот одбор подготвуваат и доставуваат Годишен извештај за работењето на Банката за 2023 година. Извештајот се доставува до Надзорниот одбор кој го разгледува и изготвува писмено мислење и ги доставува до Собранието на акционери на разгледување и одобрување. На 30.04.2024 година, Надзорниот одбор го разгледал Годишниот извештај и потврдил дека Извештајот дава правична и објективна слика за работењето на Банката во текот на 2023 година. ---------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на

Стопанска банка АД Скопје во 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.582.890 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 3.294 гласа-ВОЗДРЖАНИ.-----------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Стопанска банка АД Скопје во 2023 година со писмено мислење од Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Т.М. кој наведе дека по точката десет треба да има точка за разгледување на работењето на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор заеднички и за секој член поединечно, која точка е пропуштена од Дневниот ред. -------
За збор се јави акционер Ве.Т. кој упати честитки за успешното работење на Банката во изминатите пет години, како и до мнозинскиот акционер НБГ, и праша до кога Банката нема да дава дивиденда за обичните акции, бидејќи Банката пет години остварува резултати дури и над своите очекувања, која е причината мнозинскиот сопственик да не добие дивиденда и покрај двојното оданочување. За малцинските акционери како физички инвеститори меѓу другото најважно е да добијат дивиденда. Цената на акцијата на Банката е девалвирана заради лошата дивидендна политика. Побара одговор на ова прашање. ---------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот укажа дека расправата за распределба на добивката е предвидена во точката единаесет од Дневниот ред. ------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционер Т.М. кој побара релевантно објаснување зошто не се расправа за работата на членовите на Управниот и Надзорниот одбор на Банката пооделно за секој член. ---------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот укажа дека за Извештајот за работа на Надзорниот одбор ќе се разгледува во точката четиринаесет од Дневниот ред. ---------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По точката единаесет-Донесување Одлука за распоредување на добивката за 2023 година, Претседавачот појасни дека во согласност со Законот за банки, Законот за трговски друштва и Статутот на Банката, Собранието на акционери со оваа одлука ја распределува добивката, по предлог на Надзорниот одбор, после што и даде збор на г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии за накратко да го презентира предлогот за распоредување на добивката за 2023 година. Г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии, во своето излагање наведе дека Стопанска банка АД Скопје има оствари нето добивка во износ од денари 3.469.600.437,00 утврдена во Билансот на успех за 2023 година, што е составен дел на Годишната сметка и Годишниот извештај за 2023 година. Со предложената одлука добивката реализирана во 2023 година, се предлага износ од 2.569.600.437,00 денари да се распредели во задржана добивка расположива за распределба во иднина и нема да биде вклучена во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот. Останатиот дел од добивката, во износ од 900.000.000,00 денари да се распредели во задржана добивка за инвестициони цели во материјални и нематеријални средства за проширување на деловните активности на Банката. Овој износ на добивка нема да биде вклучен во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот, а во случај, Банката да не ја реализира инвестицијата, со посебна одлука ќе може да се изврши пренамена на овој износ. -------
Претседавачот се заблагодари на г-ѓа Мирјана Трајановска за нејзиното излагање, и отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите

односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за распоредување на добивката за 2023 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.563.065 гласа-ЗА, 19.645 гласа-ПРОТИВ, и 3.474 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за распоредување на добивката за 2023 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По точката дванаесет-Донесување на Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите, Претседавачот повторно ја покани г-ѓа Трајановска накусо да го образложи и предлогот за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите. Г-ѓа Мирјана Трајановска – Сениор директор за ликвидност и финансии, во своето излагање наведе дека Стопанска банка АД Скопје со Одлука број 454 од 30.05.2023 година, има извршено распределба на добивката за 2022 година во износ од 2.374.857.016,00 година во задржана добивка за идна распределба на акционерите во износ од 1.449.857.016,00 денари и задржана добивка за инвестиции во износ од 925.000.000,00 денари. Од задржаната добивка за инвестиции во износ од 925.000.000,00 денари Банката нема искористено износ од 775.496.560,00 денари кој требало да се искористи за развојни цели и инвестирање во материјални и нематеријални средства за проширување на основната дејност на Банката. Поради тоа што споменатиот износ од 775.496.560,00 денари не бил искористен за инвестирање во 2023 година, со оваа Одлука се предлага Собранието на акционери да изврши пренамена од задржана добивка за инвестирање во задржана добивка расположива за распределба во иднина, врз основа на одлука од страна на Собранието на акционери. Овој износ на добивката нема да биде вклучен во сопствените средства на Банката и во пресметката на адекватноста на капиталот, и Банката соодветно ќе ја евидентира оваа Одлука во својата книговодствена евиденција. -----------------------------------------------------
Претседавачот се заблагодари на г-ѓа Мирјана Трајановска за нејзиното излагање, и отвори дискусија по оваа точка. --------------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционер Ве.Т. кој постави прашање зошто Банката е непријателски расположена спрема малцинските акционери и не дели дивиденда и покрај добрите резултати од работењето. ----------------------------------------------------------------------------
Во одговор на прашањето на акционерот, г.Диомидис Николетопулос, Генерален извршен директор-Претседател на Управниот одбор на Банката, наведе дека Банката покажала одлични перформанси, кои придонесоа да оствари најдобри резултати досега, зајакнувајќи ги истовремено своите главни баланси (кредити и депозити) и подобрувајќи го квалитетот на своето портфолио. Воедно наведе дека капиталот и вредноста на Банката постојано се зголемува, што е во интерес на сите акционери, и дека акционерите се тие кои одлучуваат како ќе се распредели добивката на Банката. Истакна дека Банката за да го подржи во иднина ваквото добро работење а воедно и да направи пораст и е потребен капитал и ликвидност. Согласно последните барања на Централната банка, коефицинтот на адекватност на капитал е зголмен значително. Ова би значело хипотетички дури и акционерите да одлучат за распределба на дивиденда, утре повторно акционерите би биле повикани да учествуваат во зголемувањето на капиталот. Воедно истакна дека профитот останува во Банката.Со предложената одлука Банката станува посилна а со тоа и вредноста за акционерите се зголемува. ---------------
За збор се јави акционер Ве.Т., кој се заблагодари на одговорот, но наведе дека Банката нема соодветна дивидендна политика што влијае на вредноста на акциите,

при што околноста што Банката има вредност не носи бенефит на малцинските акционери и се надева дека од страна на Надзорниот одбор на Банката ова ќе биде земено предвид. ----------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Вл.Т. кој наведе дека минатата година било речено дека Банката ќе исплаќа дивиденда од 60-70 денари и зошто тоа не било сторено, праша дали е точно дека новата зграда на Банката се гради преку фирма на Зоран Антиќ и дали на тој начин се префрла дел од дивидендата во Грција. ---------------------------

Претседавачот наведе дека податоците за градба на новата зграда на Банката се транспарентно дадени во материјалите за седницата на ова Собрание.-----------------

За збор се јави акционер Т.М. кој наведе дека ова е Собрание на сите акционери а не само за имателите на обични акции. ------------------------------------------------------

Претседавачот посочи дека на седницата се присутни и акционери кои се иматели на приоритетни акции. ---------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.562.875 гласа-ЗА, 19.835 гласа-ПРОТИВ, и 3.474 гласа-ВОЗДРЖАНИ. -----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за пренамена на задржаната добивка за инвестирање во добивка расположива за распределба на акционерите, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на тринаесетата точка - Донесување на Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2023 година. Претседавачот појасни дека Вкупниот износ на дивидендата за приоритетните акции за 2023 година е 1.364.664,00 денари или бруто износ од 6,00 денари по акција, при што дивидендата која се исплаќа на домашни и странски физички лица е предмет на данок на личен доход, додека дивидендата на странски правни лица подлежи на данок на задршка во согласност со Законот за данокот на личен доход и Законот за данокот на добивка. -----------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. ---------------------------------------

За збор се јави акционер Вл.Т. кој праша зошто соодветниот процентен поен кој влјае на износот на дивидендата за приоритетните акции не се менува со години иако тоа е во домен на одлучување на Банката. ------------------------------------------------------

Претседавачот наведе дека акционерот ќе добие писмен одговор на прашањето.--------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2023 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.562.875 гласа-ЗА, 19.835 гласа-ПРОТИВ, и 3.474 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за начинот на пресметување и исплата на дивиденда на имателите на приоритетни акции за 2023 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на четиринаесетата точка-Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2023 година. Претседавачот појасни дека во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание по завршување на деловната година одлучува за одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор и во оваа насока бил поднесен и Годишниот извештај за работењето на надзорниот одбор за 2023 година за усвојување од страна на Собранието на акционери. ----------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. -------------------------------------------------------

За збор се јави акционер Т.М. кој наведе дека треба да се одлучува поединечно за работата на секој член на Надзорниот одбор на Банката како што е наведено во материјалите за седницата. ---------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот појасни дека точката на Дневниот ред е разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2023 година, при што одлуката која ја донесува Собаранието се состои од два дела. -------------

За збор се јави акционер Т.М. кој наведе дека за оваа точка не може да се носи една одлука туку треба да се донесат посебни одлуки за секој член поединечно и дека претседавачот го прекршува законот бидејќи не го става на одобрување работењето на секој член на Надзорниот одбор на Банката поединечно, што според него претставува основ за тужба од акционерите. ------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2023 година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.562.848 гласа-ЗА, 14.385 гласа-ПРОТИВ, и 8.951 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2023 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По точката петнаесет - Донесување на Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2024 година, Претседавачот појасни дека во согласност со членовите 104 и 105 од Законот за банки, Стопанска банка е должна да именува овластено друштво за ревизија, кое ќе врши финансиска ревизија на работењето (финансиски извештаи, сметководствена евиденција и информации системи) за деловната и фискалната 2024 година. Согласно членовите 26 и 60 од Статутот на Банката, членовите 86, 89 и 91 од Законот за Банки, Одборот за ревизија, предлага назначување на овластено друштво за ревизија, предлогот се одобрува од Надзорниот одбор, за потоа Собранието на акционери врз основа на доставениот предлог да го избере овластеното друштво за ревизија. Следејќи ја погоре опишаната постапка, Одборот за ревизија на СБ на седницата одржана на 26.04.2024 година го утврдил предлогот за избор на PricewaterhouseCoopers Revizija DOO Скопје како овластено друштво за ревизија која ќе изврши ревизија на финансиските извештаи и сметководствената евиденција на СБ за деловната и фискална 2024 година, во согласност со домашната регулатива. -------------

Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за назначување на овластено друштво за ревизија за 2024

година, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.570.539 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 15.645 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за назначување на овластено друштво за ревизија за 2024 година, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----

Се премина на точката шеснаесет- Донесување на Правила за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. Претседавачот појасни дека Правилата за работа на Собранието на акционерите на Стопанска банка го регулираат начинот на работење на Собранието на акционери на Банката како највисоко тело составено од сите акционери на Банката. Секоја работа која не е регулирана во овој документ ќе се врши во согласност со релевантните закони и прописи. Со цел да се осигура дека акционерите на Банката ги остваруваат овластувањата согласно законите, зајакнувајќи ја понатаму управувачката структура на Банката, приложениот документ се подготвува во согласност со националното законодавство и е усогласен со внатрешните акти на Банката како Статутот на Банката, Кодексот за корпоративно управување на Банката како и интерната регулатива. Претседавачот укажа дека стручните служби на Банката ќе нотираат во записникот од ова собрание да биде прибележено дека точниот термин на овој документ гласи Деловник за работа на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје. ------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за усвојување на Правила за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.570.539 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 15.645 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ---------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Правила за работа на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 12 (дванаесет) часот и 20 (дваесет) минути. ------------------------------------------------

Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. ------------------------------------------------

Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ------------------------------------------------

Овој записник е составен на четиринаесет страни од четиринаесет листа. На претседавачот на учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Стопанска Банка АД Скопје и Народната Банка на Република Северна Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. ------------------------------------------------

ОДУ број 166/24

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. ---------------------------------------------------------------------------

Нотарската награда е пресметана во износ од 14.000,00 денари, согласно член 41 став 1 точка г и член 54 став 1 од Нотарската тарифа (Службен весник на Република Северна Македонија број 226/2016 и број 33/2019). -----------------------------------------------------------

Учесник во постапката, Претседавач г-ѓа Наташа Трпеноска-Тренчевска, с.р.

Нотар
Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

Бул. Кузман Јосифовски Питу бр.15 лок.6 Скопје

(име, презиме и седиште на нотарот)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод по ред во поредок, кон кој не се приклучени со приложени исправи и ... на нотарската исправа.

Број ОДУ 166/24

Во Скопје 31.05 2024 година

НОТАР

(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ